

## Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец март 2023

Датум: 10.04.2023
Сектор за инвестиции

Арх. бр. 09-881
10.04.2023

## Содржина

1. Тетекс АД Тетово ........................................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец март 2023 година се одржа акционерско собрание на **Тетекс АД Тетово**, компанија во која задолжителниот пензиски фонд поседува акции и согласно Правилникот има обврска за присуство и известување.

## 1. Тетекс АД Тетово

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,05%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 15.03.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Избор на претседавач на Собранието<br>2. Избор на записничар (записникот согласно ЗТД го води нотар)<br>3. Избор на бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Избор на членови на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово<br>-Предлог одлука за престанок на мандат<br>-Предлог Одлука за избор и надомест на неизвршните членови на Одборот на директори | |

| | |
|---|---|
| *Претставници на Собранието* | Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција |

## II. Тетекс АД Тетово

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 15.03.2023 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1, Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**:

1. Избор на претседавач на Собранието
2. Избор на записничар (записникот согласно ЗТД го води нотар)
3. Избор на бројач на гласови

**По предлозите од процедуралниот дел гласаше ЗА**

**Работен дел:**

1. Избор на членови на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово

-Предлог одлука за престанок на мандат

**Гласаше ЗА**

-Предлог одлука за избор и надомест на неизвршните членови на Одборот на директори

**Гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:**

На собранието преку кореспонденција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 68,02% од акциите со право на глас.

По првата и единствената точка од Работниот дел Претседавачот на собранието истакна дека мандатот на пет членови на Одборот на директори им истекува во месец март 2023 година, и согласно тоа од страна на акционери, кои претставуваат 35,52% од вкупниот број на акции со право на глас, е доставена „Предлог одлука за престанок на мандат“ и „Предлог одлука за избор и надомест на неизвршните членови на Одборот на директори“.

Во однос на првата предлог Одлука претставените акционери едногласно гласаа ЗА престанок на мандатот на членовите: Борислав Трповски, Стеван Томовски, Евгенија Трпкоска, Звонимир Ристоски и Драгица Јовановска, поради истек на мандатот.

По однос на втората предлог Одлука акционерите исто така позитивно се изјаснија за предложените кандидати:
1.Борислав Трповски, дипломиран правник со положен правосуден испит;
2.Стеван Томовски, дипломиран машински инженер;

3.Евгенија Трпкоска, дипломиран економист;
4.Звонимир Ристоски, дипломиран технолог;
5.Душко Мишески, дипломиран технолог.

Во постапката за поединечно гласање за членови на Одборот на директори сите акционери гласаа ЗА, односно немаше глас против или воздржан. Предложените кандидати не гласаа самите за себе. Новите членови на Одборот на директори се избрани со мандат од 6 години, а од неизвршните членови како независен се избра Звонимир Ристоски.

Акционерите го усвоија и месечниот паушал за претседателот на Одборот на директори во бруто износ од 33.333 денари, и месечниот паушал за неизвршните членови на Одборот на директори во бруто износ од 22.222 денари.

Врз основа на приложените биографии, Сава пензиско друштво АД Скопје одлучи да го поддржи изборот на предложените кандидати.

Во наредниот период Друштвото активно ќе го следи корпоративното управување во Тетекс АД Тетово, и ќе настојува преку комуникација со менаџментот и преку заземени ставови и гласање на акционерските собранија да влијае за подобрување на корпоративното управување, што е во интерес на нашите членови.